# ЗАПИСНИК

**од одржаниот состанок во врска со постапката за пријавување на видот и обемот на извршената работа во овластените установи по медицина на труд (збирна евиденција), одржан на ден 16.09.2016 година, во просториите на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот (долна сала).**

На состанокот присуствуваа вкупно 24 претставници од овластените установи по медицина на труд (специјалисти по медицина на трудот, главни медицински сестри, правници, менаџери, стручни соработници).

За состанокот беше предложена единствена точка на дневниот ред, а тоа беше оправданоста, законската основа и постапката за изработка и доставување на збирната евиденција за работа од страна на овластените установи за медицина на труд.

Состанокот го отвори и со него раководеше проф. Елисавета Стикова, советник на директорот и началник на Одделението за медицина на труд и проценка на здравствени ризици во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија. Проф. Стикова ги информираше присатните дека врз основа на Законот за евиденции во областа на здравството ( Сл. Весник на РМ. Бр.20/09 ), Владата на Република Македонија го задолжи Институтот за јавно здравје да ја спроведе постапката за прибирање на збирната евиденција за работа на овластените установи за медицина на труд. Од тие причини беше изработен соодветен извештаен образец кој ги содржи податоците релевантни за анализа на видот и обемот на извршената работа од страна на овластените установи (Извештај за следење, оценување и планирање на превентивната здравствена заштита на работниците). Со оглед на дисконтинуитетот во доставувањето на периодичните извештаи, а имајќи ја во предвид законската обврска, Државниот и санитарен инспекторат, во рамките на редовниот тримесечен инспекциски надзор ги задолжи овластените установи за медицина на трудот, редовно, на секои три месеци да доставуваат извештаи за својата работа на соодветниот извештаен образец.

Кон воведното образложение се приклучи и д-р Оливера Стојковска од Државниот здравствен и санитарен инспекторат, која уште еднаш го потенцираше значењето за прибирањето на овие податоци за следење, оценување и планирање на превентивната здравствена заштита на работниците, законската основа за оваа обврска и законските санкции за нејзино неспроведување.

По ова се разви широка иплодна дискусија, по што се донесоа следните заклучоци:

1. ЈЗУ Институт за јавно здравје да го достави извештајниот образец до сите овластени установи помедицина на труд во електронска форма
2. Извештајот може да се доставува во хартиена копија како препорачана пратка, со доказ за прием ( повратница) на следната адреса:

**ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија**

**Одделение за медицина на труд**

**Ул. 50 Дивизија бр. 6**

**1000 Скопје**

или во електронска верзија на следната новокреираната е-маил адреса:

medicinanatrud@iph.mk

по што од истата е-маил адреса ќе биде испратена конфирмација за примениот извештај, како доказ кој би бил прифатлив за државниот и санитарен инспекторат во постапката за инспекциски надзор и контрола.

3. Согласно донесениот заклучок на состанокот, изработено е детално Упатство за начинот на пополнување и испраќање на извештајот (Упатство), а електронската верзија на извештајниот образец можете да го најдете ТУКА
4. Крајниот рок за доставување на извештајот е крајот на месецот кој следи по завршување на тромесечниот квартал (30 април за првото, 31 јули за второто, 31 октомври за третото и 31 јануари за четвртото тромесечие).
5. ЈЗУ Институт за јавно здравје се задолжува годишниот извештај за извршената работа во овластените установи за медицина на труд во претходната година да го изработи и да го достави до Министертсвото за здравство најдоцна до 31 март во тековната година.

Во рамките на дискусијата која се разви за останатите теми од интерес, беше споменато дека овластените установи по медицина на труд би требало да продолжат да ги доставуваат претходно наследените извештаи (Обр. 3-02-60) според стариот и сега веќе неважечки закон за евиденции во областа на здравството до соодветните Центри за јавно здравје, особено оние кои обавуваат активности поврзани со медицината на трудот и кои имаат договор со Фондот за здравствено осигурување. Ова ја отвори дискусијата за постоење/непостоење на договори за работа со Фондот и посебно за пакет за специјалистички услуги за медицина на трудот.

Со оглед дека специјалистички пакет по медицина на труд не постои, а здравствениот систем на Република Македонија не ја препознава клиничката дисциплина „медицина на труд“ (нема медицина на труд на примарно ниво, нема специјалистички пакет по медицина на труд и нема реферален систем на упатување), се разви дискусија за утврдување на специјализација по професионално здравје. Таа би се однесувала на докторите кои според овластувањето на Министерот за здравство би биле овластени и би работеле само на реализација на задачите кои се утврдени со Законот за безбедност и здравје на работа.

Истовремено, уште еднаш беше актуелизирано прашањето за учество на овластените служби за медицина на труд во системот Мој термин, при што беше задолжен Институтот за јавно здравје да ја повтори иницијативата до македонското здружение за медицина на труд и да побара преземање на конкретни активности во овој смисол.

Присутните исто така беа информирани за спроведување на задачата за проценка на хуманата експозиција на тешки метали концентрацијата кај населението во РМ, со повик за изразување на интерес за нивно клучување во оваа задача, за што беше утврдена мрежа

на соработницикои беа дополнително информирани за начинот на земање на примероците, пополнувањето на информираната согласност, прашалникот за добивање релевантни информации за стилот на живот, како и за начинот на чување и транспорт на примероците. При тоа, учесниците беа информирани дека примероците на крв по земање во претходно доставените вакутејнери треба без центрифугирање или било каква друга обработка да се замрзнат и така замрзнати да се достават до Институтот за јавно здравје. Доколку учесниците во истражувачката мрежа за спроведување на студијата за токсиколошки биомониторинг, немаат можност да ја замрзнат крвта, согласно доставеното упатство, треба да воспостават контакт со тимот од Институтот за јавно здравје и да се организира секојдневен транспорт на свежата крв.

Истовремено, присатните беа информирани дека согласно повикот од страна на Министерството за здравство за обука на доктори специјалисти по медицина на труд и медицински сестри во Истанбул, Турција, во октомвриската сесија на обука заминуваат 2 специјалисти по медицина на труд. Повикот за декемврисата сесија е отворен, естата не се пополнети и заинтересираните кандидати можат да се јават кај колегите од Институтот или директно кај одговорното лице од Министерството за здравство г-ѓа Иванка Стојаноски на следната е-маил адреса: ivanka.stojanoski@zdravstvo.gov.mk.

Записничар:

Д-р Анита Цветковска, спец. Медицина на труд

ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ